EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES

**СОДРЖИНА**

1. **Вести од ЕЦМП НВО Мрежата**
2. **Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Ресурсни Центри**
3. **Вести од членовите на ЕЦМП Мрежата**
4. **Останати вести**
5. **Објавување на грантови**
6. **Листа на ЕЦМП Регионални НВО Центри**

## 1. ВЕСТИ ОД ЕЦМП НВО МРЕЖАТА

### 9-11 Мај

**Посета на г-дин Марк Велер, Директор на Европскиот центар за малцински прашања, Фленсбург , Германија**
Од 9ти до 11ти Мај во Македонија престојуваше г-динот Марк Велер, директор на Европскиот центар за малцински прашања. Г-динот Велер одржа работни состаноци со членовите на Регионалните центри во Куманово, Тетово и Битола на кои членовите на Регионалните центри имаа можност да ги презентираат постигнатите активности и идни планови. Состанокот беше многу опфатен и прашања поврзани со проектни идеи и ново членство беа нашироко дискутирани. На состанокот во Регионалниот Центар во Битола г-динот Велер го објави доделувањето на грант на ЧЕЛЕБИЈА за проектот Туберколозата меѓу нас. При неговата посета на Регионалниот центар во Тетово г-динот Велер ги посети и канцелариите на ЛОЈА во Тетово и Теарце како и канцеларијата на СОНЦЕ на кои имаше можност да ги види и нивните проектни активности, а при посетата во Битола ги посети канцелариите на ФЕЛИКС и МКА (Младинска културна асоцијација) каде и му беше презентирана кампањата Џабе работи, џабе не седи. Г-динот Велер беше гостин на презентацијата на танци изведена од фолклорната танцова група на Хуманитарното здружение на Турците ЧЕЛЕБИЈА.
**Контакт и-маил на ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен центар во Битола е: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

### 14 Мај

**Состанок на веб тимот**
Веб тимот на www.ecmingonet.org.mk се состана во просториите на ЕЦМП во Скопје. Најнапред беа претставени новите членови на веб тимот Марија Нашоковска – Менаџер на веб страната и Марина Ковачич – Консултант на веб страната и беше нагласена важноста што веб страната ја има како алтка во развојот на ЕЦМП проектот во Македонија. Во моментот се работи на новиот дизајн на веб страната кој треба да е готов до 10ти Јуни. Договорено е секоја НВО членка на Мрежата да одреди лице од својата организација за доставување на вести до Менаџерот на веб страната со цел поуспешен проток на информации.

**Е-маил адреса за контакт со Менаџерот на веб страната: nashokovska@ecmingonet.org.mk**

**23 Мај**

**Одложување на состанокот на Координативното тело во Св. Наум од 31 Мај до 1 Јуни**
Одложен е состанокот на Координативното Тело на ЕЦМП Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи кој требаше да се одвива од 31 Мај до 1 Јуни 2002. Новите дати за одржување на состанокот ќе бидат 14 -16 Јуни, во хотелскиот комплекс Св. Наум во Охрид.
**ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

## 2. АКТИВНОСТИ НА ЕЦМП РЕГИОНАЛНИТЕ НВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

**10 Мај**

**Посета на г-дин Марк Велер на ЕЦМП РЦ Тетово**
На 10 мај во просториите на ЕЦМП РЦ Тетово беше реализирана посетата на г-дин Марк Велер, директор на ЕЦМП. Координаторот на РЦ г-дин Надир Реџепи на почетокот ги претстави членките на ЕЦМП РЦ Тетово. Во продолжение секоја НВО накратко ги образложија своите предлог проекти, како и начинот на соработка со останатите членки. Во своите излагања претставниците на НВО го истакнаа мултиетничкиот карактер и добрата меѓусебна соработка. Беа презентирани следните проекти:

- -„Методи на комуникација помеѓу малцинските групи и цивилното општество„ - Хуманитарно здружение на Ромите во Македонија СОНЦЕ
- „Мултимедијална програма„ - Центар за Балканска соработка ЛОЈА
- „Доверба преку песни„ - Мултиетнички организационен центар за асоцијација, развој и соработка “МОЦАРТ” (Тетово) МОЦАРТ
- „Детска градинка„ - Центар за демократски развој
- „ Центар за рехабилитација на трауматизираните деца и нивното приспособување за учење на употребата на компјутерот„ - МУЛТИКУЛТУРА

**Е-маил адресата на ЕЦМП Регионалиот центар во Тетово е: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

**12 Мај**

**Посета на г-дин Марк Велер на ЕЦМП РЦ Битола и доделување на грант**
На 12 Мај во просториите на ЕЦМП РЦ Битола беше реализирана посета на директорот на ЕЦМП г-дин Марк Велер при што се одржа краток работен состанок. Регионалниот координатор г-ѓа Дијана Ѓоргиевска го запозна гостинот со досегашните, како и со планираните активности на центарот според акциониот план за работа на РЦ до крајот на годината. Од своја страна г-дин Велер го истакна своето задоволство од досегашната работа на центарот. Ги информира присутните за доделување на грантот во висина од 1358 евра за реализација на проектот „Туберкулозата меѓу нас„. Овој проект ќе се спроведе во основните и средните училишта во Битола преку серија предавања и анкета во периодот од 13 мај до 16 јуни. Носител на проектот е Културното и хуманитарно здружение на Турците „Челебија„. Исто така ги

посочи и насоките за идното работење на РЦ. Во продолжение беа посетени канцелариите на НВО “Феликс” и “Младинска културна асоцијација” како и фолклорната група на „Челебија„.
**Е-маил адресата на ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен Центар Битола е: ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

**15 Мај**

**Посета на Patrick Bradley, Rosemary Hawkins од Citizens Advice and Information Center (CAIC) во ЕЦМП РЦ Тетово**
Целта на посетата беше да се запознаат со членките на ЕЦМП мрежата и нивните проекти како и со работата на РЦ Тетово. Посебен интерес искажаа за соработката помеѓу членките во текот на релизацијата на проектите. Исто така тие се понудија доколку е потребно да помогнат со своето искуство од работењето во земји во транзиција или зафатени од војна.
**ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

**21 Мај**

**Посета на претставници на Мониторинг мисијата на Европската унија (ЕУММ) на ЕЦМП РЦ Тетово**
На 21 мај ЕЦМП РЦ Тетово го посетија претставници на Мониторинг мисијата на Европската Унија. Целта на нивната посета беше да се информираат за активностите на ЕЦМП Мрежата, нејзините членки и проектите кои се работат. Исто така се интересираа како функционира мрежата која е составена од голем број различни НВО.
**ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

**21 Мај**

**Курс за компјутери**
Претставници на членките на ЕЦМП РЦ Битола започнаа со курсот за работа со компјутери. Целта на курсот е здобивање со основни познавања за работењето со компјутерите. Овој курс ќе им овозможи на НВО членките на Мрежата поуспешно реализирање на активностите. Курсот е финансиран од ЕЦМП.
**ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

**27 – 28 Мај Обука за развој на предлог проекти за членовите на ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен Центар Битола**

На 27ми и 28ми Мај во Регионалниот Центар во Битола се одржа дводневна обука за развој на предлог проекти. На обуката зедоа учество дванаесет членови на организациите членки на Регионалниот Центар, кои во своите организации учествуваат во процесот на генерирање и пишување на предлог проекти. Предавач на обуката беше г-динот Сунур Верма, Регионален представник на ЕЦМП во Македонија. Обука на истата тема последоватолно ќе се одржат и во останатите ЕЦМП Регионални НВО Центри.

**ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

## 3. ВЕСТИ ОД ЧЛЕНОВИТЕ НА ЕЦМП МРЕЖАТА

### 1 Мај

**Финансиска поддршка на Здружението за едукација, култура, екологија и хуманост МИЛЕНИУМ од Врапчиште, Гостивар**

Невладината организација Милениум- Врапчиште во мај се здоби со финансиска поддршка од ЦБИ – ИОМ за реализација на проект за издавање на мултиетничкото младински списание ГРАФИТИ. Проектот има за цел да ги потенцира визијата, потребите и очекувањата на младината во Гостивар и Гостиварско на општествените реформи и за замислената демократија. Списанието ќе се печати на три јазици кои се зборуваат во овој регион и ќе има вкупен тираж од 4500. Главната цел на проектот е да се промовира заедништвото и да се развива младинската меѓуетничка соработка преку пишуваните медиуми.
За дополнителни информации може да се обратите на mngo@post.com

### 7 Мај

**"Преку вработување-придонес во заедницата"- проект на Хуманитарното здружение на Ромите во Македонија „Сонце„**

ХЗРМ „Сонце„ од Тетово доби грант од 10.000 УСД за проектот "Преку вработување-придонес во заедницата" од американската организација Mercy Corps. Проектот вработува 9 зени од различити националности, кои ги загубија своите работни места за време на кризата во Тетово. Во првите 3 месеци се произведуваат дупли и единецни постелини, а од акумулираните средства од продажбата на истите, Сонце е задолжена да регистрира приватно претпријатие кое ке работи независно во наредниот период. Овој проект беше поддржан и од страна на Институтот Отворено Опстество Македонија, кој одобри грант од 10.000 УСД за обезбедување возило за транспорт на производите на овој мини погон. Инаку ова е еден од првите пилот проекти во Тетово, со кој се планира да се обезбедуваат средства за одржливост на организацијата.
**Контакт со СОНЦЕ: khamnrp@sonet.com.mk**

### 7 Мај

**Применето образование кај Ромската популација - проект на Ромската организација на жените од Македонија ДАЈА**

Во наредните 3 години РОЖМ ДАЈА ќе работи со МЦМС на проектот Применето Образование кај Ромската популација. Проектот има за цел да ја подигне општата свест кај Ромската популација за образованието како и подобрување на односите помеѓу заедницата,училиштата и НВО. Даја во моментот спроведува и преквалификација за ромската популација во соработка со Работнички Универзитет-Куманово. Исто така во основните училишта ќе се води кампања за подигнување на свеста за образиванието под мотото „Образованието е моќ, придружете се„.
**Е-маил адресата на Даја е: daja@mt.net.mk**

**7 Мај**

**Театарски работилници и летна школа**
Младинска културна асоцијација - Битола, во соработка со професионалниот актер Сашо Огненовски организира двомесечен курс и летна школа за актерство. Школата е наменета за млади луѓе на возраст од 15 до 20 години.
**Контакт лице: Тодор Ивановски тел. 047/23 30 20 e-mail: mkabt@yahoo.com**

**7 Мај**

**Филозофски вечери**
Младинска културна асоцијација во соработка со Француската алијанса организира циклус филозофски вечери. Филозофските вечери се одржаа во хотел „Епинал„ Битола на следните теми:

- „Духот и сетилноста„ - Доц. Д-р. Ана Димушковска-Трајановска, 19.04.2002
- „Волтер за оптимизмот„ - Проф. Д-р. Вера Петкова-Ѓоргиева, 09.05.2002
- „Питагора, Декарт и Бил Гејтс„ - Проф. Д-р. Златко Жоглев, 16.05.2002
- „Мишел Фуко, философ на постмодерното општество„ - Проф. Д-р. Ферид Мухиќ, 24.05.2002

**Контакт лице: Тодор Ивановски тел. 047/23 30 20 e-mail: mkabt@yahoo.com**

**13 Мај**

**Волонтерска кампања „Џабе работи, џабе не седи„**
Младинска културна асоцијација-Битола во текот на месец мај ја реализира волонтерската кампања „Џабе работи, џабе не седи„. Организирани се две презентации во средните училишта во Битола на 14 и 17 мај. Презентациите ги водеше г-дин Марио Вељковиќ. Изработени се флаер и плакат со пораката „Џабе работи, џабе не седи„, како и радио џингл со мотивирачка содржина. Последна активност која ќе се реализира во рамките на оваа кампања е ТВ емисијата, која ќе ги обработува темите: искуства од работата со волонтери, водење на волонтерски кампањи и искуства од учество како волонтер. Гости во емисијата ќе бидат: г-дин Владимир Пран, г-дин Валентин Соклевски, претставници-волонтери од НВО и гости кои досега не биле волонтери.
**Контакт: emarkovska@yahoo.com.**

**15 Мај**

**Место за продукција на Пермакултура**
Центарот за пермакултура и мироградба од Гостивар на 15 мај 2002 свечено го отвори "Production side of Permaculture", простор за органска храна. Овој простор свечено го отвори г-дин Стивен Хенкс, генерален директор на УСАИД за Македонија. Ќе бидат опфатени голем број на активности како регулирање на паркови, дворови, семинари, курсеви и слично.
Овој проект се реализира со помош на УСАИД.
**Контакт: www.ppc.org.mk; ppc@ppc.org.mk**

**20 Мај**

**Кампања „Сакам да учам, сакам да бидам... „**

Групата „Феликс„ од Битола од 20 мај до крајот на месец август 2002 ќе ја реализира својата втора кампања во рамките на Фондот за образование на ромските деца под наслов „Сакам да учам, сакам да бидам...„

Промоцијата на фондот преку оваа кампања директно е насочена за подигнување на свеста и пристапот до образованието од страна на Ромите, како и подигање на свеста на поширокатa заедница за ромските деца кои се жртви на најгруба социјална исклученост во македонското општество.

Кампањата ќе биде промовирана преку печатени матерјали, регионална медиумска кампања и разгледници.

Фондот ќе обезбеди училишна опрема која ќе овозможи редовно вклучување на ромските деца во основното образование.

**За подетални информации посетете ја веб страната www.felixbt.org.mk.**

**22 Мај**

**Годишно,редовно и изборно собрание на Младинска културна асоцијација**

Младинската културна асоцијација на 22 мај во хотел Епинал го одржа редовното, годишно и изборно собрание, со следниот дневен ред:избор на претседавач и работно претседателство, избор на верификациона и изборна комисија, измени и дополнувања на статутот, извештај за работата во 2001-2002 со финансиски извештај, избор на управен и надзорен одбор. Со гласање на 27 присутни делегати на собранието избран е Управен одбор во состав од:Марија Нашоковска-претседател, Сашо Коруновски, Маја Петкова, Валентин Соклевски и Данаил Солаковски-членови. Избран е и Надзорен одбор од Тони Јовановски, Маја Петровска и Аница Тантаровска. Со изгласувањето на измените и дополнувањата на Статутот Младинската културна асоцијација се трансформира во нова институција односно Младински културен центар.

**Контакт: emarkovska@yahoo.com**

**25 Мај**

**Координативен состанок на Ромски НВО**

Во организација на Форумот за ромски права „АРКА„ од Куманово, а во просториите на ЕЦМП РЦ Куманово се одржа координативен состанок на ромски невладини организации (РНВО) од Република Македонија. На овој состанок усвоен е Меморандум за соработка на РНВО. Исто така разгледан е и предлог кодекс на РНВО Рома 2002 во кој се утврдени основните права и должности на организациите членки со цел да се дојде до побрзо здружување, поефикасна соработка и постигнување на заедничките интереси на РНВО.

На овој состанок се разгледа и дописот од Советот на Европа во врска со обезбедување на средства за образование на Ромите во Република Македонија и слободен пристап до вработување.

**Контакт е-маил адреса на АРКА е: arka_ku@yahoo.com**

**28 Мај**

**Претставник на ХДЗР „Месечина„-Гостивар советник во Програмата за подобрување на меѓуетничките односи во Македонија**
Г-нот Самет Скендери е еден од 6те советници на Програмата за подобрување на мегуетничките односи во Македонија финасирана од Кинг Бодуен Фондацијата и Фондацијата институт отворено општество Македонија. Негови задолженија се да им помага во развивањето на идеите за проекти од оваа сфера на ромските и турските НВОи во Република Македонија.
**Контакт: www.ierse.org.mk ; mesecina@mt.net.mk**

## 4. ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**9 Мај**

**Културна манифестација - концерт**
Здружението „Романи асвин„ т.е. „Ромска солза„ беше организатор на концертот кој се одржа на градскиот плоштад во Штип на 09 мај 2002. Повод за организирање на овој концерт е првиот ден од летото според ромската традиција. На концертот учествуваа поголем број естрадни уметници од ромска националност, како и ромското културно-уметничко друштво кое се претстави со сплет на игри. На крајот од манифестацијата претседателката на здружението г-ѓа Енисе Демирова-Брашнарска испрати порака до сите граѓани на Македонија со желби за здравје и мир во иднина.
E-mail: **romaniAS@freemail.com.mk**

**14 Мај**

**Медиумска агенција во поранешните кризни региони во Македонија.**

Мониторинг мисијата на ОБСЕ во Скопје на 16 Мај започна со реализација на мултиетнички медиумски проект во Тетово.
„Медиумскиот градски деск„ го води Асоцијацијата за локални медиуми од Тетово, невладина организација составена од конзорциум на албански и македонски ТВ и радио станици. Овој проект го помага канцеларијата на ОБСЕ во Тетово, а е финансиски поддржан од Меѓународната организација за медиуми, Канадската меѓународна агенција за развој и американската организација Mercy Corps.
**http://www.osce.org/news/generate.php3?news_id=2454&uid=2**

**18 Мај**

**Коктел на швајцарската амбасада во Гостивар**
Амбасадорот на Швајцарија во Македонија на 18 мај 2002 организираше коктел во хотел ресторанот „Игнатиа„ во Гостивар. Целта на коктелот беше средба со претставниците на невладините организации, локалната самоуправа и медиумите од Гостивар. Во рамките на средбата беше изведена и монодрама.

На средбата присуствуваа голем број претставници од невладините организации, градоначалникот на Гостивар, политичари и претставници од локалните медиуми.

## 5.ГРАНТОВИ

**Регионален мрежен проект Слбодна Куќа**
Проектот ја охрабрува меѓу граничната соработка и комуникација помеѓу невладините организации на централна и источна европа, попрецизно, институтите на јавна политика или тинк тенк организации. Проектот започна како дел од Програмот за демократија лансирана во 1995 од страна на Агенцијата за меѓународен развој на Соеднинетите Американски Држави(УСАИД). Проектот овозможува грантови, тренинзи, делење информации и друга соработка. Невладини организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Латвија, Литванија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Југославија и Новите независни држави можат да конкурираат за помош. Заповеќе информации контактирајте ги на подолу наведените координати: **fh@fredomhouse.hu ; www.freedomhouse.org**

**Министерство за надворешни работи на Финска, Канцеларија за меѓународен развој и соработка**
Одделот за невладини организации на оваа канцеларија е присутна во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрвтска, Македонија, Словенија и Југославија. Во 2001 имаше само еден проект на невлаидна организација за животна средина имено Албанија.
Контакт: matti.kiiseli@formin.fi
Повеке информации: **http://global.finland.fi**

## 6. ЛИСТА НА ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО ЦЕНТРИ

| Регионален Центар | Контакт лице | Телефон и факс | Адреса | Е-маил |
|---|---|---|---|---|
| ЕЦМП Регионален Центар Битола | Марија Нашоковска | 047 236 874 | Ул. Јосиф Христовски 4/4 Битола | ecmibitola@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Гостивар | Саранда Имери | 042 216 166 | У. ЈНА 294, Гостивар | ecmigostivar@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Куманово | Тања Николовска | 031  425 456 | Локалитет Гарнизон 1/1-2, Куманово | ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Скопје | Гордана Цветкоска | 02 391 451<br>02 391 452 | Ул. Дрезденска 9, Скопје | ecmiskopje@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Тетово | Елвира Муртезани | 044 31 486 | Ул. Илинденска 97, Тетово | ecmitetovo@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Штип | Бирџан Мемедов | 032 382 510 | Ванчо Прке 62/3-2 Штип | ecmistip@ecmingonet.org.mk |